SEA
SEA
SEA
SEA
SEA
SEA
SEA
SEA
SEA
SEA
SEA
SEA
SEA
SEA
SEA
SEA
SEA

Enviro resources
CONSULTING COMPANY

Енвиро-Ресурси
ул. 50та Дивизија, бр.15/1
1000, Скопје
Р.Македонија

# Оцена на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина и здравјето на луѓето (**Стратегиска оцена**)

## SEA - Srategic Environmental Assessment



Основни информации

### Што е Стратегиска оцена (SEA) ?

Оцената на влијанието на определени стратегии, планови и програми (плански документи) врз животната средина и здравјето на луѓето е **постапка**, со која се проценуваат ефектите врз животната средина и здравјето на луѓето од спроведување на предложените плански документи. Целта е можните ефекти да бидат земени во предвид во раната фаза на подготовка на нацрт планските документи вклучувајќи ги и промените на истите.

Стратегиската оцена се спроведува врз основа на **Законот за животна средина** (Сл.Весник на РМ бр.53/05,81/05,24/07 и 159/08) кој ги земал во предвид :

- Конвенцијата за оценувањето на влијанијата врз животната средина во прекуграничен контекст (Сл.Весник на РМ бр.44/99)
- Директивата 2001/42/ЕС за оценување на ефектите од некои планови и програми врз животната средина, на Европскиот Парламент и Советот на ЕУ.
- Протоколот за стратегиска оцена на животната средина кон Конвенцијата за оценувањето на влијанијата врз животната средина во прекуграничен контекст.

### Цел и предмет на Стратегиската оцена (SEA)

**Цел** на Стратегиската оцена е да се интегрира заштитата на животната средина и здравјето на луѓето во процесот на подготвување и донесување на планските документи преку експертска проценка и проценка на јавноста пред донесување на истите.

**Предмет** на Стратегиската оцена се определени стратегии, планови и програми од областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управување со отпад и води, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање и користење на земјиштето, за кои се смета дека можат да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.



## Учесници во спроведување на Стратегиската оцена

**Надлежен орган за регулирање и усмерување на процесот** на спроведување на Стратегиската оцена во Република Македонија е Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП).

**Надлежен органи за подготовка на планскиот документ** истовремено е и **Надлежен орган за спроведување на Стратегиската оцена,** а тоа се органите на државната и локалната управа.

**Експерт за стратегиска оцена** е физичко лице со положен стручен испит за професионално знаење за спроведување на постапката за стратегиска оцена на животната средина, вклучено на Листата на експерти, одговорно за Извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

**Органите засегнати од спроведување на планскиот документ** преку мислења и коментари на извештајот за животната средина го обврзуваат подготвувачот на планскиот документ да гиземе во предвид нивните мислења и коментари.

**Јавност** се сите правни и физички лица, невладини организации, групи на граѓани од државата и други држави кои имаат право да го дадат своето мислење за подготвениот и објавен Извештај за животната средина и неговата имплементација во нацрт планскиот документ.

## Основни документи на стратегиската оцена

**Извештај за стратегиска оцена** на животната средина претставува збир на истражувања, проценки и заклучоци во рамките на претходно утврден обем значаен за целосен преглед на очекуваните влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето од спроведување на предложениот плански документ.

**Соодветност на извештајот за животната средина** е акт со кој се потврдува неговата комплетност и експлицитност, а ја издава МЖСПП.




## Права и обврски на учесниците во постапката на Стратегиска оцена (SEA)

**Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)** е надлежен орган на државната управа за работите од областа на животната средина, одговорен за регулирање и усмерување на процесот на спроведување на Стратегиската оцена во согласност со Законот за животна средина – одлучува за неопходноста од спроведување на Стратегиска оцената (Screening), учествува во утврдувањето на опфатот и експлицитноста на извештајот (Scoping), ја оценува соодветноста на извештајот за што може да ангажира Експерт за SEA од листата, врши прекугранични консултации и договарања за постапката со засегнатата држава, се грижи за учество на јавноста во постапката, има обврска за спроведување стручен испит за стекнување на професионално знаење за стратегиска оцена , ја одржува листата на експерти и ги следи ефектите од спроведувањето на планскиот документ.

**Надлежен орган за подготовка на планскиот документ** е истовремено **Надлежен орган за спроведување на Стратегиската оцена** и обезбедува информации за планскиот документ, ги консултира засегнатите страни, го подготвува нацрт планскиот документ, го подготвува извештајот за животната средина и за таа цел ангажира Експерт за стратегиска оцена, го консултира МЖСПП, организира консултации со јавноста, го донесува планскиот документ и ги следи ефектите од спроведувањето на планскиот документ и врши пост-проектни анализи.

**Органите засегнати од спроведување на планскиот документ** влијаат на опфатот на извештајот и го обврзуваат подготвувачот на планскиот документ да ги земе во предвид нивните мислења и коментари кои се составен дел на извештајот.

**Јавноста** е регулатор и контролор на суштината на извештајот и неговата имплементација во планскиот документ и во случај на прекуграничен контекст (прекугранични консултации).

**Експерт за стратегиска оцена** го подготвува извештајот за животната средина кога е ангажиран од страна на Надлежен орган за подготовка на планскиот документ, а ја оценува соодветноста на извештајот кога е ангажиран од страна на МЖСПП.



## Структура на постапката на SEA

Стратегиската оцена се одвива во фази, и тоа :

1. **Истражување** дали за планскиот документ треба да се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина и здравјето на луѓето (**"Screening"**) - во консултација со МЖСПП.
2. **Утврдување на обемот** на истражувањето и деталноста на елаборацијата со фокусирање на теми значајни за сеопфатно согледување на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето од спроведување на планскиот документ (**"Scoping"**). Обемот и деталноста се утврдува преку консултации со засегнатите страни, јавноста и МЖСПП.
3. **Изработка на извештај за животната средина,** врз основа на утврдениот обем и деталност на истражувањето. За време или на крајот на оваа фаза се одвива процес на консултации со јавноста и со институциите задолжени за заштитата на здравјето на луѓето и заштитата на животната средина. Тие го даваат своето мислење за планскиот документ и за извештајот за животната средина. Ако се утврди дека планскиот документ има значителни прекугранични ефекти или ако потенцијално загрозената страна побара да се вклучи во постапката, органите и јавноста на засегнатата страна имаат можност да го изразат своето мислење (Прекугранични консултации).
4. **Одлука за усвојување на планскиот документ** се донесува врз основа на извештајот за животната средина и резултатите од консултациите со јавноста и институциите, домашни и прекугранични. Оној кој ја донесува одлуката мора да ја образложи прифатената алтернатива. Одлуката и планскиот документ мора да се објават.
5. **Следење на ефектите од спроведување на планскиот документ (Мониторинг)** е составен дел на извештајот и се спроведува при апликацијата на планскиот документ. Резултатите од мониторингот треба да бидат достапни до јавноста и надлежните органи.



**Регулатива**

**Закон за животна средина** (Сл.Весник на РМ бр.53/05,81/05,24/07 и 159/08)

**Уредба** за стратегиите, плановите и програмите вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето (Сл.Весник на РМ бр.153/07)

**Уредба** за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето (Сл.Весник на РМ бр.114/07)

**Уредба** за содржината на извежтајот за стратегиска оцена на животната средина (Сл.Весник на РМ бр.153/07)

**Правилник** за составот на комисијата и начинот на нејзината работа, програмата и начинот на полагањето на стручниот испит, вис ината на надоместокот за полагање на стручниот испит и на надоместокот за воспоставување и одржување на листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина и начинот на стекнување и губење на статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина, како и начинот и постапката за вклучување и исклучување од листата на експерти (Сл.Весник на РМ бр.129/07)

Брошурата е подготвена од **диа. Апостолов Сашо**

Ревизија направила **Професор Д-р. Стефанка Хаџи Пецова**

Enviro resources
CONSULTING COMPANY

ул. 50та Дивизија, бр.15/1
1000, Скопје
Р.Македонија



# Постапка на Стратегиска оцена (SEA)
# Графикон на процедурални чекори

## Врз основа на Законот за животна средина

### Постапка за утврдување на неопходност од спроведување на стратегиска оцена (SEA) за плански документ кој го подготвува локалната управа ("Screening")



## Постапка за утврдување на неопходност од спроведување на стратегиска оцена (SEA) за плански документ кој го подготвуваат државни органи („Screening")




## Спроведување на постапка за оцена на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина (SEA)






## Следење на ефектите од спроведувањето на планскиот документ -Мониторинг-

